ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 25 – 182/8**

**Дата: 23.12.2011**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме на резултатите

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на успешност на Програмите и мерките за посвојување на деца без родители и родителска грижа.

Ревизијата на успешност е извршена согласно Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2011 година.
Ревизијата на успешност е спроведена со цел да даде оценка на ризиците и можностите за подобрување на процесот за посвојување на децата како значаен сегмент и една од формите на општествена заштита на децата. Во таа насока со ревизијата се фокусиравме на укажувањето на откриените ризици и ризични подрачја кои понатаму беа предмет на подетално анализирање: законската регулатива и критериумите за избор на посвоител по електронски пат, организационата поставеност и функционирањето на институциите инволвирани во системот за посвојување на деца, превентивни мерки на државата за поддршка и спречување на напуштање на децата и за истите беа формирани заклучоци и дадени препораки.
Со ревизијата се насочивме првенствено кон активности од областа кои се во надлежност на повеќе институции и тоа: Министерство за труд и социјална политика, Меѓуопштински центри за социјални работи Скопје и Куманово, ЈУ Дом за доенчиња и мали деца -Битола, Детски дом 11 Октомври, Клиника за гинекологија и акушерство, Специјална болница за гинекологија и акушерство - Чаир, ЈУ Завод за социјални дејности.
Состојбите кои се прикажани во овој Конечен извештај се резултат на применетите постапки на ревизијата со цел постигнување на објективна и реална оценка на тековните состојби како и креирање на јасни и реални препораки кои надлежните лица во областа треба да ги спроведат.
Ревизијата беше насочена кон повеќе откриени ризици кај споменатата област кои се однесуваат пред се на давање одговор на следното прашање:

Во процесот на посвојување констатирани се слабости во **законската регулатива и организационата поставеност, како и во функционирањето на институциите инволвирани во системот**.

- Спроведувањето на одредбите од Правилникот за поблиски критериуми и начинот на избор на посвоител по електронски пат во пракса покажува низа слабости во поставеноста и функционирањето на системот и не секогаш овозможува оптимален избор на посвоител. Иако при изборот на потенцијалните посвоители во Правилникот даден е приоритет на психосоцијалниот статус, отсуството на поткритериуми за вреднување и степенување на истиот доведува до состојба најголем дел од потенцијалните посвоители да добијат максимум поени по овој критериум, а одлучувачки фактор при избор на посвоителсе материјалните и станбени услови.
- Процесот на посвојување на деца е долготраен, поради што децата останувaат долг период во институцијата.
- Недоволниот број на стручен кадар со кој располага Домот за доенчиња и мали деца Битола, не дозволува развивање на концептот за индивидуален однос што е од суштинско значење за брз и правилен развој на детето;
- Постои конфликт на интереси и висок ризик за реално и објективно функционирање на системот за посвојување поради фактот што дел од именуваните членови на Комисијата за посвојување од страна на Министерот за труд и социјални работи се стручни лица од Центрите за социјална работа кои работат на истата проблематика.
- Не е обезбедена сигурност на податоците во Програмата за избор на најсоодветен посвоител по електронски пат, односно постои висок ризик нивоата на пристап и степенот на сигурноста кој е побаран навистина да е имплементиран. Ова е поради тоа што не е извршено примопредавање на софтверот со што не е потврдена сопственоста на софтверот од страна на Министерството, како и исправноста и целосноста на системот согласно тендерската документација. Исто така, не е наименуван администратор со повластени овластувања за пристап во Програмата, иако со Правилникот е предвидено.

Во функција на подобрување на состојбите и намалувањето на трендот на зголемување на бројот на посвоеници, ревизијата направи анализи на **превентивните мерки и активности кои ги презема државата за намалување на трендот за откажување од родителското право** и дојде до следните заклучоци:

- Државата треба да обрне повеќе внимание на раното откривање на вонбрачната и малолетна бременост како еден од најголемите причини за напуштање на децата и
- Државата не издвојува доволно средства и внимание за превенција на напуштањето на децата од страна на нивните биолошки родители.

Како резултат на спроведената ревизија, а со цел да дадеме придонес во функција на отстранување на констатираните неправилности како и подобрување и унапредување на целокупната активност при посвојувањето на децата, предвидовме низа препораки:

- Министерството да ја преиспита долготрајната процедура предвидена со Законот и да ги намали роковите (каде тоа е возможно) со што би се скратил престојот на децата во институциите.
- Неопходно е да се дефинираат мерни инструменти за вреднување и степенување на психосоцијалниот статус на посвоителите за правилно функционирање на системот на посвојување и вистинска примена на Правилникот. Дотолку повеќе што психосоцијалниот статус е најважен критериум при изборот на посвоителите согласно Правилникот.
- Да се извршат дополнителни обуки и едукации на стручните лица во Центрите за социјална работа за подобро запознавање на суштината на новиот систем за посвојување, за да ја осознаат својата исклучително значајна улога во целокупниот процес која не е намалена со воведувањето на електронскиот начин на избор на посвоител.
- Министерството да направи измени во Законот со кои ќе се исклучи можноста да се избираат членови на Комисијата за посвојување од редовите на стручниот кадар кој работи на оваа проблематика во Центрите за социјална работа.
- Министерството да ги преземе сите неопходни активности, во најкус можен рок да изврши примопредавање на софтверот со фирмата изготвувач, со што ќе се потврди исправноста и целосноста на Програмата согласно тендерската документација и да овласти лице за администратор на истата;
- Центарот за социјални работи треба да настојува преку стручните советодавни методи да и помогне на мајката да донесе правилна одлука во однос на своето дете, кога таа поради низа свои причини единствен излез од настанатата социоекономска состојба гледа во давањето на детето за посвојување.
- Министерството треба да осмисли низа мерки и решенија за поддршка на биолошките родители за надминување на тешкотиите и создавање услови детето да остане со мајката, и тоа: да помогне во обезбедување на работа на еден член од семејството, (на пример: склучување на договор со некоја фирма), помош за професионално и работно оспособување, да поттикне во решавање на станбено прашање или субвенционирање на закупнина, како и воведување на нови видови парична помош.

Од страна на Министерството за труд и социјална политика добиени се забелешки на Нацрт извештајот кои според содржината претставуваат подобрување на констатациите.



**Ревизорски тим:** **Овластен државен ревизор**

*1.*__________________________ ________ ________________

*2.*__________________________